**ФАКОМ, АД – Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АД**
**С.О. бр. 01**
**13.06.2018 година**
**Скопје**

# З А П И С Н И К

Од одржаната седница на Собрание на акционери на ФАКОМ АД – Скопје.
Седницата се одржа во просториите на ФАКОМ АД – Скопје, Бул."Александар Македонски" бр. 18 на ден 13.06.2018 година со почеток во 12,00 часот.
Вкупниот број на акции во друштвото со право на глас е 67.000, а присуствуваа според верификуваниот список следните акционери, нивни застапници или полномошници: Repro one limited преку полномошник Иван Цветковски од Скопје за 40.000 (четириесетилјади) акции со право на глас, Repro one limited преку полномошник Славица Чикова од Скопје за 25.145 (дваесетипетилјадисточетириесетипет) акции со право на глас и Даци Идаверди за себе со 58 (педесетиосум) акции со право на глас.
Присутни се и г-ѓа Снежана Сиљановска, Помошник Генерален Директор за економски прашања, ѓ-ѓа Виолета Цветковска, Раководител на Службата за внатрешна ревизија и г-дин Никола Глигоров, Директор на Секторот за проектен менаџмент и продажба.
Собранието е свикано врз основа на Одлука Управниот одбор на Друштвото УО бр. 15 од 26.04.2018 година. Повик за учество на собрание на акционери е објавен во весникот Нова Македонија на ден 09.05.2018 година.
1.Претседавачот на Собранието од претходната седница, Г-ѓа Славица Чикова од Скопје, ги информираше присутните дека предлози за измени и дополнувања на дневниот ред не се поднесени, а материјалите за седницата беа дадени секој да ги има на увид на начин согласно Закон, списокот на присутни го стави на јавен увид, ја отвори седницата и го објави кворумот на претставената главнина, односно објави дека присуствува потребното мнозинство и тоа акционери кои претставуваат 65.203 акции и 97,31 % од вкупниот број на акции со право на глас 67.000, според акционерската книга издадана од Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 12.06.2018 година, по што ја отвори седницата.

За работата на Собранието беше предложен и усвоен следниот :

## Д н е в е н р е д

I. Процедурален дел
1. Отварање на седницата на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собрание;
3. Избор на записничар и двајца заверувачи на записник;
4. Избор на бројачи на гласови.

II. Работен дел
5. Разгледување и усвојување на записник од претходната седница на Собрание на акционери;
6. Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во 2017 година;
- Предлог Одлука за одобрување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на Друштвото за период од 01.01.-31.12.2017 година;

7. Извештај за извршената ревизија за 2017 година на годишната сметка и финансиските извештаи;
- Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршена ревизија за 2017 година;
8. Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2017 година
- Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото;
9. Предлог Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2017 година;
10. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на Друштвото;
11. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото;
12. Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2018 година.

2. Претседавачот отвори расправа по предлог за избор на претседавач на седницата, за која како претседавач е предложена Славица Чикова од Скопје, по што се стави на гласање следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на претседавач на Собрание**

1.За претседавач на Собранието се избира Славица Чикова, дипл.правник.

2.Мандатот на претседавачот на Собранието трае до избор на претседавач на наредното Собрание.

3. Претседавачот на Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата со Собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата со Собранието.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

„ **ЗА**“ донесување на одлуката за избор на претседавач на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.
Претседавачот од претходното собрание констатира дека за претседавач на ова Собрание едногласно е избрана Славица Чикова.
3. Претседавачот ги информираше присутните дека согласно Законот за трговски друштва и Статутот на ФАКОМ АД – Скопје треба да се изберат записничар и двајца заверувачи на записникот. Бидејќи никој не се јави за дискусија, пртседавачот ја стави на гласање следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот**

1. За записничар и двајца заверувачи на Записникот што се води на оваа седница (13.06.2018 година) се избираат :

- За записничар:

Радмила Софкоска

- За заверувачи на записникот:

Иван Цветковски
Даци Идаверди

2. Записникот се поготвува најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со Собранието, а го заверуваат избраните заверувачи од точка 1 на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на одлуката за избор на записничар и двајца заверувачи на записникот гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.

Претседавачот констатира дека за записничар едногласно е избрана Радмила Софкоска, а за заверувачи на записникот се избрани Иван Цветковски и Даци Идаверди.

4.Претседавачот ги информираше присутните дека согласно Законот за трговски друштва и Статутот на ФАКОМ, АД – Скопје треба да се изберат и бројачи на гласови, по што на предлог на претседавачот се донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на бројачи на гласови**

1. За бројачи на гласови при донесување на одлуки по утврдениот ред за оваа седница (13.06.2018 година) се избираат:

**- ТАТЈАНА ПАПАСТЕРЕВСКА**
**- ДОБРЕ НАУМОСКИ**

2. Бројачите на гласови утврдени во точка 1 на оваа Одлука имаат задача при донесување на секоја одлука по точките од дневниот ред да ги избројат вкупниот број гласови “ЗА“, “ПРОТИВ“ и “ВОЗДРЖАНИ“ и за истите да го известат претседавачот со Собранието за резултатите од гласањето.

За секоја одлука бројачите на гласови изготвуваат писмен извештај во кој се утврдува и кворумот за работа на Собранието.

Врз основа на писмениот извештај – за кворумот за работа и резултатите од гласањето, претседавачот со Собранието констатира, односно објавува дали одлуката за која се гласа е донесена.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на одлуката за избор на бројачи на гласови гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.

Претседавачот констатира дека за бројачи на гласови едногласно избрани се Татјана Папастеровска и Добре Наумоски.

Претседавачот појасни дека е завршен процедуралниот дел и дека се преминува на работниот дел од дневниот ред.

5. Претседавачот на седницата отвори расправа по Записникот од претходната седница на Годишното Собрание на акционери одржана на 17.05.2017 година. Бидејќи никој не се јави за збор, председавачот го стави на усвојување.

„**ЗА**" усвојување на записникот од претходното годишно собрание на акционери одржано на ден 17.05.2017 година, гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, „**ПРОТИВ**" и „**ВОЗДРЖАНИ**" нема.

Претседавачот констатира дека Запинсикот од претходното годишно собрание на акционери одржано на ден 17.05.2017 година едногласно е усвоен.

6. Се пристапи кон разгледување на точката на дневниот ред - Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во 2017 година, па Претседавачот на седницата му даде збор на г-дин Никола Глигоров, Директор на Секторот за проектен менаџмент и продажба.

Директорот на Секторот за проектен менаџмент и продажба истакна дека од прегледот на деловниот резултат во доменот на финансиското работење на Факом АД - Скопје, се гледало дека во првите дванаесет месеци на кумулативно ниво, вкупните приходи се поголеми за 7,6% во однос на 2016 година истиот период, а вкупните трошоци за истиот период се зголемени за 9% во однос на 2016 г. Структурата на готовинските трошоци била иста со структурата во 2016 година. Учеството на вкупните трошоци во вкупниот приход во 2017 година било за 1,96% поголемо во споредба со истиот период во 2016 година. Оперативната добивка во 2017 година била за околу 21,5 милиони денари помала во споредба со истиот период во 2016 година. Финансиските приходи во 2017 година биле зголемени за околу 111% односно за 3,5 милиони денари. Финансиските расходи во 2017 година биле намалени за околу 21% односно за околу 2 милиони денари во споредба со истиот период 2016 година.

Најголемо учество во вкупниот приход се должел на продажба на добра и услуги во странство ( Италија, Холандија, Хрватска) 73,4% и на приходи кои биле остварени од продажба на добра и услуги во земјата 21,6%.

Во врска со физичкото извршување на ниво на АД имало 92% исполнување на планот, а по работни единици РЕ Производство и РЕ Монтажа имало 93,4% односно 90,5% исполнување на планот. Споредбено со 2016 година во РЕ Монтажа физичкото извршување било поголемо за околу 142% .

Трошоците на продажба биле зголемени за 9,3% во однос на 2016 година. Најголемо учество во вкупните трошоци имале трошоците на производство и платите на вработените.

Во врска со остварената продуктивност во РЕ Производство споредбено со планираното во бизнис планот каде биле планирани 38 часови/ ЕТ, реализирани биле 37,54 часови /ЕТ.

Остварената продуктивност во РЕ Монтажа во 2017 година споредбено со планираното во бизнис планот каде биле планирани 18 часови/ ЕТ, реализирани биле 17,58 часови /ЕТ што и во двете работни единици е во согласност со планираното.

По однос часовите на производните работници, во РЕ Производство од планираните 435708 редовни часови, реализирани биле 86,65% од планираното, а во РЕ Монтажа од планираните 185220 редовни часови, реализирани биле 79,93% од планираното.

На крајот, Директорот на Секторот за проектен менаџмент и продажба истакна дека деловната 2017 година, Факом АД – Скопје ја заврши со добивка.

Понатаму, Претседавачот на собранието и даде збор на г-ѓа Снежана Сиљановска, Помошник Генерален Директор за економски прашања, која наведе дека во 2017 година вкупните приходи изнесувале 1.305.644.092,00 денари, вкупните расходи биле 1.303.325.074,00 денари, а била остварена добивка во износ од 2.319.018,00 денари.

Вкупните приходи биле поголеми за 7,6% во однос на 2016 година истиот период, а вкупните трошоци за истиот период биле зголемени за 9% во однос на 2016 г. Најголемо учество во вкупниот приход бил од странскиот пазар и тоа 73,4 %, што било за 2,98% помалку од 2016 година, додека приходите од продажба на добра и услуги во земјата изнесувале 21,62% и истите бележеле пораст од 51,12% во однос на 2016 година. Исто така и трошоците во 2017 година бележеле пораст за 9,3% во однос на 2016 година. Најголемо учество имале материјалните трошоци ( за суровини и материјали) и тоа 51,34%, потоа следувале платите на вработенитесо 18,02% итн.

Кај трошоците на дистрибуција во однос на 2016 година имало пораст од 4,46% поради зголемениот обем на работа. Најголемо учество имале транспортните услуги со 3,44%, потоа трошоците за реклама, пропаганда со 0,18%, потоа дневници за службени патувања, патни трошоци со 0,15% кои во однос на 2016 година бележеле пораст за 29,19% заедно со трошоците за репрезентации 50,82%.

Административните расходи биле зголемени за 10,3% во однос на 2016 година. Најголем пораст имало кај другите оперативни расходи – 63,3% во споредба со 2016 година. Пораст имало кај трошоците за кало, растур, кусоци и расходи врз основа на отпис на побарувања.

Понатаму, Помошникот Генерален Директор за економски прашања истакна дека во пасивата на друштвото најголем дел или 55,2% претставувале тековните обврски. Во 2017 година имало зголемување на обврските спрема добавувачите, а износот на долгорочните обврски, заеми и кредити бил намален за 33,3%, а учеството на капиталот и резервите во вкупната пасива било намалено од 57% во 2016 година на 44% во 2017 година. Обврските спрема вработените во 2017 година споредбено со 2016 година биле зголемени за 2%, најголемо учество имале обврските за нето платите и надоместоците од плата на вработените. Во текот на 2017 година, просечниот број на вработени изнесувал 619, просечната нето плата на вработените изнесувала 29.563,00 денари и споредбено со 2016 година забележано било намалување на бројот на вработените во режијата, а зголемување на бројот на производните работници.

На крајот од своето излагање Помошникот Генерален Директор за економски прашања додаде дека наведените финансиски показатели биле потврдени и од страна на независната ревизија.

Претседавачот на седницата отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање следната:

## О Д Л У К А

**за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01 - 31.12.2017 година**

1. Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на ФАКОМ, АД - Скопје за период 01.01. - 31.12.2017 година со следните показатели:

| | |
|---|---|
| Остварени приход | 1.305.644.092,00 |
| Остварени расходи | 1.303.325.074,00 |
| Остварена добивка пред оданочување | 2.319.018,00 |
| Данок на добивка | 0,00 |
| Остварена добивка по оданочување | 2.319.018,00 |

2. Извештаите од точка 1 се составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА"** донесување на Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01.-31.12.2017 година гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ"** и **„ВОЗДРЖАНИ"** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01.-31.12.2017 година е едногласно донесена.

7. Се пристапи кон рзгледување на точката на дневниот ред- Извештајот за извршена ревизија за 2016 година, по која претседавачот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за извршена ревизија**
**за 2017 година**

1. Се усвојува Извештајот за извршена ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година.

2. Составен дел на оваа Одлука е ревизискиот извештај.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА"** донесување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршената ревизија за 2017 година гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ"** и **„ВОЗДРЖАНИ"** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за за усвојување на Извештајот за извршената ревизија за 2017 година е едногласно донесена.

8. Претседавачот на Собранието отвори расправа по точката на дневен ред одобрување на извештајот на службата за внатрешна ревизија. Истиот го презентираше Раководителот на Службата за внатрешна ревизија г-ѓа Виолета Цветковска, која истакна дека работата на службата на внатрешна ревизија се засновала на спроведување на редовните ревизии планирани во годишниот план за 2017г.
Извршени редовни ревизии за 2017 год. биле:
1. Ревизија на евиденција на реализација во Монтажа
Целта на ревизијата била да се потврди дека биле воспоставени контроли во процесот на евиденција на потрошените работни часови за реализација на операциите кои биле дел од работниот налог и истата ќе овозможела анализа и споредба на предвидените со реално потрошените работни часови по одредена операција, ресурси и вработени при што се утврдило дека во Пантеон се евидентирале само потрошените работни часови (редовни, прекувремени) по вработени. Немало евиденција на производни работни часови по работен налог. Другата евиденција се водела надвор од системот и била дадена препорака во системот за работа (Пантеон) да се води евиденција на потрошено работно време и производи по работен налог.

2. Ревизија на процесот на подготовка и исплата на теренски додаток

Целта на ревизијата била да се потврди дека биле воспоставени интерни контроли во процесот на внесување на податоци за пресметка на теренскиот додаток, евиденција и исплата на трансакциона сметка на вработениот при што било утврдено дека постоел Правилник за надоместување на трошоците за службени патувања во земјата и странство и работа на терен – теренски додаток донесен од Управниот одбор на друштвото и Решение за утврдување на висината за исплата на дневници за службени патувања и висина на трошоците за теренскиот додаток донесено од Генералниот директор.
Со евиденција и пресметката на теренскиот додаток во интегрираниот систем се овозможувало прегледност на вработените кои примаат теренски додаток и чување во ист систем заедно со пресметката на плати и останатите пресметки.
3. Ревизија на процесот на прием на материјали во/од магацин, враќање на материјалите во магацин и пренос од еден во друг магацин.Целта на ревизијата била да се утврдело дека примените материјали во магацин да биле прифатени единствено доколку имаат валиден налог за порачка, количеството и квалитетот на материјалите се проверуваат пред да се примат, уверување дека примените материјали се точно евидентирани, издаваето, враќањето и преносот на материјали да се извршувало само врз основа на одобрени документи. Од оваа ревизија се утврдило дека се обезбедувала предвидената документација за извршени приеми на материјали, враќање и пренос, се извршувало прием само на материјали со валиден налог за порачка,утврдените разлики во примените количества се комуницирале со набавната служба за разрешување, утврдените количества се евидентирале на испратницата и се потврдувале со потпис, постоел системски пристап до апликациите за прием, враќање и пренос на материјали и истиот бил лимитиран на овластени вработени во магацинот.
Раководителот на Службата за внатрешна ревизија додаде дека на 07.11.2017 година била посетена македонската софтверска компанија Артисофт од Скопје. На состанокот од страна на Артисофт биле презентиран софтвер за управување со ресурсите и материјалите при извршување на внатрешните ревизии. Иако софтверското решение имало можност за приспособување кон и употреба во различни средини, сепак истото пред се било наменето за компании кои имале поголем број на вработени во службата за внатрешна ревизија.
По оваа точка од дневниот ред претседавачот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на Извештајот на**
**Службата за внатрешна ревизија на Друштвото**

1.Се одобрува Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за деловната 2017 година.

2.Составен дел на оваа Одлука е Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во Друштвото.

3.Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето

**„ЗА"** донесување на Одлуката за одобрување на Извештајот на службата за внатрешна ревизија на друштвото гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ"** и **„ВОЗДРЖАНИ"** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за одобрување на Извештајот на службата за внатрешна ревизија на друштвото е едногласно донесена.

9. Претседавачот на собранието отвори расправа по токата на дневен ред- Предлог Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2017 година. Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот на собранието ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**

**за употреба на нето добивка за финансиската 2017 година**

1. Со оваа Одлука се врши распределба на остварената нето добивка за финансиската 2017 година која изнесува 2.319.018,00 денари за инвестиции.

2. Одлуката да ја спроведе финансовиот сектор на друштвото.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА"** донесување на Одлуката за употреба на нето добивката за финансиската 2017 година гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ"** и **„ВОЗДРЖАНИ"** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за употреба на нето добивката за финансиската 2017 година е едногласно донесена.

10. По точката од дневниот ред одобрување на работата на членовите на Управниот одбор, Претседавачот на Собранието отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за дискусија, предсeдавачот го стави на гласање -одобрување на работата на секој член на Управниот одбор и тоа:

**„ЗА"** д-р Златко Симоновски-Претседател на Управниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ"** и **„ВОЗДРЖАНИ"** нема.

**„ЗА"** м-р Зоран Стојановски-Заменик претседател на Управниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ"** и **„ВОЗДРЖАНИ"** нема.

**„ЗА"** Снежана Сиљановска-Член на Управниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ"** и **„ВОЗДРЖАНИ"** нема.

**„ЗА"** Бојан Јордановски-Член на Управниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ"** и **„ВОЗДРЖАНИ"** нема.

**„ЗА"** Димче Галовски -Член на Управниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ"** и **„ВОЗДРЖАНИ"** нема.

По извршеното одделно гласање за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор за деловната 2017 година на секој член на Управниот одбор председавачот констатира дека едногласно е донесена :

**О Д Л У К А**

**за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор**

1. Се одобрува работата на членовите на Управниот одбор на ФАКОМ АД – Скопје за деловната 2017 година на:

| | | |
|---|---|---|
| д-р Златко | Симоновски | - Претседател на У.О. - Генерален директор |
| м-р Зоран | Стојановски | - Зам.Претседател на У.О.-Зам.Ген.директор |
| Снежана | Сиљановска | - Член на У.О.-Пом.Ген.Дир. за економски прашања |
| Бојан | Јордановски | - Член на У.О. - Директор на Р.Е. Инженеринг |
| Димче | Галовски | -Член на У.О. – Директор на РЕ Монтажа |

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

11. По точката на дневниот ред одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор, Претседавачот на собранието отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот го стави на гласање -одобрувањето на работата на секој член на Надзорниот одбор и тоа:

„**ЗА**" Минчо Јорданов-Председател на Надзорниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, „**ПРОТИВ**" и „**ВОЗДРЖАНИ**" нема.

„**ЗА**" Ѓорѓи Савов-Член на Надзорниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, „**ПРОТИВ**" и „**ВОЗДРЖАНИ**" нема.

„**ЗА**" Горан Мауровски-Член на Надзорниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, „**ПРОТИВ**" и „**ВОЗДРЖАНИ**" нема.

„**ЗА**" Наташа Јорданова Мауровска-Член на Надзорниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, „**ПРОТИВ**" и „**ВОЗДРЖАНИ**" нема.

„**ЗА**"Александар Николовски-Независен член на Надзорниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, „**ПРОТИВ**" и „**ВОЗДРЖАНИ**" нема.

По извршеното одделно гласање за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор за деловната 2017 година на секој член на Надзорниот одбор председавачот констатира дека едногласно е донесена :

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор**

1. Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор на ФАКОМ АД – Скопје за деловната 2017 година на:

| | |
|---|---|
| Минчо Јорданов | - Претседател |
| Ѓорѓи Савов | - Член |
| Горан Мауровски | - Член |
| Наташа Јорданова Мауровска | - Член |
| Александар Николовски | - Независен член |

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

12. По точката од дневниот ред Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2018 година, Претседавачот на седницата отвори расправа, бидејќи никој не побара збор Претседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**

**за назначување(одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Факом АД – Скопје за 2018 година**

1. За ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2018 година се одредува :

   **Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО-Скопје.**

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

**„ЗА"** донесување на Одлуката за назначување (одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Факом АД –Скопје за 2018 година гласаа сите присутни акционери со 65.203 или 97,31 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ"** и **„ВОЗДРЖАНИ"** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за назначување (одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Факом АД –Скопје за 2018 година е едногласно донесена.

Седницата заврши во 13:15 часот.

Составен дел на Записникот се: списокот на верифицирани акционери заверен од претседавачот и записничарот, извод од Акционерската книга издадена од ЦДХВ на ден 12.06.2018 година, Одлука на Управниот одбор бр. 15 од 26.04.2018 година, јавниот оглас објавен во дневниот весник Нова Мкедонија на ден 09.05.2018 година, Известувањето од Repro one limited бр. 11-03/4562 од 12.06.2018 година ,полномошна за Славица Чикова и Иван Цветковски, Записник со преглед за спроведено гласање,Одлуки по материјалот по дневниот ред.

**ЗАПИСНИЧАР:**
**Радмила Софкоска**

**ФАКОМ АД – Скопје**
**С О Б Р А Н И Е**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Славица Чикова, Дипл.правник**

**ЗАВЕРУВАЧИ НА ЗАПИСНИК:**
**1.Иван Цветковски**

**2.Даци Идаверди**